РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Бр. 02-79/10
Скопје, 17.07.2026 година

ЗАПИСНИК
од четириесет и деветта седница одржана на 17.07.2026 година

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими – Претседател
г-ѓа Марјана Илиеска – Заменик претседател
г-дин Фатих Алиу -член
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Душица Димитриеска –член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева – член
г-дин Ермон Незири - член
г-ѓа м-р Кети Петкова-член
г-ѓа Зорица Павловиќ –член
г-дин м-р Ненад Савески - член
г-ѓа Светлана Стојковиќ –член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни сите членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на четириесет и деветта седница на Советот, по што го предложи следниот:

Дневен ред

1. Донесување на одлука за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Крива Паланка
2. Донесување на одлука по Приговор за оценување на јавен обвинител
3. Донесување на одлука за утврдување на бројот на слободни јавнообвинителски места во јавните обвинителства во РСМ за наредните пет години
4. Донесување на одлука за определување на Раководител на Основното јавно обвинителство Берово
5. Донесување на одлука за определување на Раководител на Основното јавно обвинителство Свети Николе
6. Донесување на одлука за определување на Раководител на Основното јавно обвинителство Ресен

7. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција-Скопје
8. Донесување на одлука за престанок на функција јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија
9. Донесување на одлука по предмет СОЖ бр.3/23
10. Разно

Воедно предложи точката 9 да биде како десетта точка од дневниот ред

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот

Под точка еден од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека на огласот за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Крива Паланка се има пријавено еден кандидат и тоа јавниот обвинител во ОЈО Скопје Зоран Маркоски. Претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот со кратката биографија на јавниот обвинител. Кажа дека ги исполнува условите предвидени со закон, дека е кандидат со завршена АСЈО и дека е позитивно оценет по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Светлана Стојковиќ која кажа дека веќе неколку години наназад ова Основно јавно обвинителство е без јавен обвинител и дека постои проблем во делот на постапувањето и ажурноста во врска со тековните предмети. Наведе дека и со упатување на јавни обвинители во ова јавно обвинителство не може да се постигне посакуваниот резултат. Смета дека назначувањето на шеф на ова јавно обвинителство ќе биде од огромна корист од причина што ќе има јавен обвинител кој ќе раководи со работата, ќе има увид во целопо повод поднесениот купното работење на јавното обвинителство. Кажа дека ја цени спремноста на јавниот обвинител да одговори на предизвиците кои го очекуваат како шеф на ОЈО Крива Паланка.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Крива Паланка. Секој од членовите на Советот при своето гласање согласно член 50 од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ даде образложение за кандидатот и за тоа како гласал.

Кандидатот Зоран Маркоски доби 11 гласа ЗА

Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на јавниот обвинител Зоран Маркоски за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Крива Паланка.

Под точка два од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека на претходната седница на Советот била формирана Комисија по повод поднесениот приговор за оценување на јавниот обвинител Оливера Нечаковска Воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова која кажа дека по распишаниот оглас за избор на јавен обвинител во ВЈО Битола, СЈОРСМ се има со допис обратено до Вишиот јавен обвинител на ВЈО Битола за вонредно оценување на кандидатите кои се јавиле на огласот. Кажа дека сите кандидати биле позитивно оценети, меѓутоа кандидатот и јавен обвинител Оливера Нечаковска добила оценка каде имала неколку бода помалку и тоа по два критериума. Критериум организациски

способности за градење на углед и авторитет од максимални шест бода има добиено 4,5 бода и за критеримот организациски способности за подобрување на односите од максимални 6 бода има добиено 4,5 бода, што всушност за 3 бода е помалу од максималните 12 бода, за разлика од останатите кандидати кои се имале пријавено на огласот. Наведе дека согласно Законот за јавното обвинителство сите кандидати имаат право на приговор и согласно тоа кандидатот Оливера Нечаковска го искористила тоа право. Истакна дека по приговорот одлучува СЈОРСМ кој може да го уважи приговорот или пак да ја потврди оценката. Кажа дека Комисијата при разгледувањето на приговорот и наводите произнесени во истиот утврдила дека изнесените коментари и забелешки се паушално изнесени, истите не се поткрепени со докази односно не е напишано за кои предмети не би запознаен ВЈО. Кажа дека неколку месеци наназад комуникацијата помеѓу Вишиот јавен обвинител и јавниот обвинител не било на потребно ниво. Од тие причини Комисијата која била формирана од страна на Советот смета дека приговорот изјавен од страна на јавниот обвинител е основан и дека треба да се задолжи Вишиот јавен обвинител повторно да го оцени јавниот обвинител.

Збор зема заменик претседателот на Советот г-ѓа Марјана Илиеска која како член на Комисијата смета дека вака поднесениот приговор од страна на јавниот обвинител Оливера Нечаковска против одлуката на Вишиот јавен обвинител во однос на нејзиното оценување, со мислење е дека приговорот е неоснован и истиот треба да се одбие , а да се потврди оценката дадена од страна на Вишиот јавен обвинител. Кажа дека доаѓа од тоа подрачје на ВЈО Битола и и се познати приликите кои постојат во основните јавни обвинителства од тоа подрачје и смета дека со повторното оценување не би се сменил ставот на Вишиот јавен обвинител, особено што неговото оценување по критериумот способности за градење на углед и авторитет на јавното обвинителство односно подобрување на односите не би можел да го смени ваквиот став и даде поинаква оценка од претходно веќе дадената.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Ненад Савески потполно се согласи со презентираното мислење на колешката Кети Петкова од причина што критериумите кои што се земени и врз основа на кои се одземени поените на јавниот обвинител, покрај тоа што се паушално изнесени и истите не се поткрепени со докази. Смета дека кога ќе се донесе конечна оценка истата треба да биде јасна за Советот и дека истата произлегува од нешто што е конкретно и реално. Смета дека во моментот Советот такво нешто нема. На мислење е дека личните ставови не треба да се мерило и критериум при оценувањето. Воедно кажа дека има разговарано и со ВЈО на ВЈО Битола и дека комуникацијата помеѓу двајцата јавни обвинители е добра, професионална и коректна.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими пред да ги стави двата предлози на гласање во целост го прифаќа мислењето на Комисијата и ќе гласа предметот повторно да се врати на оценување во ВЈО Битола.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ги стави двата предлози на гласање и тоа предлогот на Комисијата предметот биде укинат и истиот се врати на повторно оценување во ВЈО Битола и предлогот на г-ѓа Марјана Илиеска да биде прифатено сегашното решение за оценување од страна на ВЈО Битола.

Предлогот на Комисијата жалбата на јавниот обвинител да биде уважена и предметот се врати на повторно оценување во ВЈО Битола доби 10 (десет) гласа ЗА и 1 (еден) ПРОТИВ.

Заклучок: **Од страна на членовите на Советот беше одлучено жалбата поднесена од страна на јавниот обвинител на ОЈО Битола во однос на оценувањето да биде уважена и предметот биде вратен во ВЈО Битола на повторно оценување. Истиот да се достави во ВЈО на ВЈО Битола и до ОЈО на ОЈО Битола.**

Под точка три од дневниот ред, Заменик претседателот на Советот г-ѓа Марјана Илиеска кажа дека согласно развојната секторска стратегија 2024-2028 усвоена од страна на Владата на РСМ во рамките на приоритетната област која се однесува на зајакнување на владеењето на правото преку унапредување на самостојноста на јавното обвинителство, била предвидена посебна цел која се однесува на зајакнување на улогата на Советот на јавните обвинители на РСМ. Во насока на исполнување на оваа цел потребно е Советот да донесе одлука за определување на бројот на слободни јавнообвинителски места за следните 5 години. Кажа дека согласно одлуката за определување на бројот на јавни обвинители во јавните обвинителства во РСМ, донесено од Советот таа бројка изнесува 261 јавен обвинител. Наведе дека функцијата јавен обвинител заклучно со 31.12.2025 година ја извршувале вкупно 194 јавен обвинител или 67 јавни обвинители помалку од предвидената систематизација. Истакна дека во наредните 5 години услови за старосна пензија ќе исполнат 39 јавни обвинители, неземајќи ги во предвид измените на Законот за работни односи, така што во следниот петгодишен период ќе има слободни 106 јавнообвинителски места.

Г-дин Ермон Незири постави прашање дали Советот треба да донесе одлука. Кажа дека бил на работен состанок со членови на Европската комисија во делот на владеењето на правото и истакна дека Советот бил пофален од страна на Комисијата од причина што Советот донел нов Деловник за работа и подзаконски акти се усогласени со предвидената реформа. Во однос на предлогот да се донесе одлука за 106 слободни јавнообвинителски места е со мислење да се направи уште една анализа и да се размисли бидејќи сето е повразано со проекција која се однесува и на АСЈО.

Заменик претседателот на Советот г-ѓа Марјана Илиеска кажа дека една од надлежностите на Советот е да донесе методологија за утврдување на слободни јавнообвинителски места во јавните обвинителства во РСМ. Кажа дека до денес Советот нема изготвена таков вид на методологија, а се врзани со обврските од секторската стратегија од превземените чекори и активности кои што Советот треба да ги исполни, предложи сега да се утврди бројката од 106 слободни јавнообвинителски места за следниот пет годишен период, а доколку по донесувањето на новиот закон за Јавното обвинителство се изготви методологија со помош на проектот Rule of Law, тогаш би можело да се направи измена на веќе донесената одлука од страна на Советот.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го подржа ставот на колегата Ермон Незири, а тоа е на денешната седница се донесе одлука за бројот на слободни јавнообвинителски места, истата да се достави до ЈОРСМ и до вишите обвинителства.

Заменик претседателот на Советот г-ѓа Марјана Илиеска кажа дека Советот е врзан со рок и дека истиот веќе е пробиен , така што е со мислење одлуката да се донесе и истата биде усвоена на денешната седница на Советот.

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека и оваа бројка е согласно досегашните методологии кои ги применувал Советот при определување на слободни јавнообвинителски места. Кажа дека Советот може да има последици доколку не даде никаква бројка, а нема да има доколку донесената одлука се измени со

донесување на новата методологија за определување на слободни јавнообвинителски места. Смета дека Советот треба да донесе одлука со дадената бројка, истата да се достави до надлежните институции, а по донесувањето на новиот Закон за јавното обвинителство, Советот може да донесе одлука за исправка на веќе донесената одлука за бројот на слободни јавнообвинителски места.

Г-ѓа Јелена Догазанска Колева кажа дека не гледа пречка на денешната седница Советот да донесе одлука за бројот на слободни јавнообвинителски места и доколку има потреба истата може да подлежи на измена.

Отткако никој не зема збор претседателот на Советот г-дин Башким Бесими предлогот на заменик претседателот г-ѓа Марјана Илиеска го стави на гласање.

Едногласно беше усвоен предлогот на г-ѓа Марјана Илиеска по што Советот донесе одлука за 106 слободни јавнообвинителски места во наредниот период од пет години.

Под точка четири од дневниот ред како и точките пет и шест, претседателот на Советот г-дин Башким Бесими истакна дека овие јавни обвинителства треба да фукционираат. Појасни дека јавните обвинители во овие јавни обвинителства не ги исполнуваат условите за да бидат шефови согласно условите предвидени во законот, и од тие причини предложи Советот да определи Раководители на тие јавни обвинителства. Наведе дека Советот имал таква пракса и од тие причини во ОЈО Берово каде јавниот обвинител Сузана Бошнаковска која за јавен обвинител била избрана на 01.03.2023 година, истата не ги исполнува условите за шеф и ВД на ОЈО Берово но ги исполнува условите за Раководител на ОЈО Берово. Воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова кажа дека овие јавни обвинителства поголем временски период немаат шефови со што се наметнува проблемот со потпишување на документи, налози, вештачења, плати итн. Од причина што никој не се јавувал на огласите за шеф на овие јавни обвинителства како едно решение се наметнува назначување на Раководители на овие основни јавни обвинителства. Од тие причини смета дека сите јавни обвинители кои ќе бидат предложени од страна на претседателот на Советот ќе треба да бидат назначени за Раководители на основните јавни обвинителства и да се има формална одлука

Отткако никој не зема збор предлогот на претседателот на Советот г-дин Бапким Бесими, да јавниот обвинител во ОЈО Берово Сузана Бошнаковска биде именувана за Раководител на ОЈО Берово беше ставен на гласање. Едногласно предлогот беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука со која јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство Берово, Сузана Бошнаковска се определува да раководи со ОЈО Берово , за време додека не се избере Основен јавен обвинител на ОЈО Берово.

Под точка пет од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими за Раководител на ОЈО Свети Николе го предложи јавниот обвинител во ОЈО Свети Николе, Дарко Цветановски. Воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред. Откако никој не зема збор предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука со која јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство Свети Николе, Дарко Цветаноски се определува да раководи со ОЈО Свети Николе, за време додека не се избере Основен јавен обвинител на ОЈО Свети Николе.

Под точка шест од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими за Раководител на ОЈО Ресен го предложи јавниот обвинител во ОЈО Ресен, Ерол Шериф. Воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред. Откако никој не зема збор предлогот на Претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука со која јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство Ресен, Ерол Шериф се определува да раководи со ОЈО Ресен, за време додека не се избере Основен јавен обвинител на ОЈО Ресен.

Под точка седум од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека на денешната седница ќе се донесе одлука за објавување на оглас за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје со датум од 10.08.2026 година, а огласот ќе се објави во рок од 90 дена кога на сегашниот шеф на ОЈО ГОКК – Скопје му престанува мандатот.

Под точка осум од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ги извести членовите на Советот дека на ден 08.09.2026 година јавниот обвинител во ОЈО Гостивар Ахмед Ахмеди ги исполнува условите за старосна пензија и од тие причини Советот треба да донесе Одлука за престанок на функцијата јавен обвинител поради исполнуавње на услови за старосна пензија.

Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе Одлука за престанок на функцијата јавен обвинител во ОЈО Гостивар за јавниот обвинител Ахмед Ахмеди поради исполнуавање на услови за старосна пензија на 08.09.2026 година.

Под точка разно г-ѓа Кети Петкова кажа дека на денешната седница било донесена одлука за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Крива Паланка, поради тоа во однос на избраниот јавен обвинител Зоран Маркоски треба да се донесе Одлука за мирување, со што функцијата јавен обвинител во ОЈО Скопје му се става во мирување додека ја извршува функцијата ОЈО на ОЈО Крива Паланка.

Предлогот на членот на Советот едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот.

Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе Одлука за мирување на функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје, додека му трае мандатот како Основен јавен обвинител на ОЈО Крива Паланка.

Под точката десет од дневниот ред Јавниот обвинител на РСМ г-дин Ненад Савески ја напушти седницата. Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека Советот треба да донесе Одлука по предметот СОЖ бр.3/23. Воедно даде збор на Комисијата формирана од страна на Советот во врска со овој предмет.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова и како член на Комисијата кажа дека Советот уште во 2023 година водел постапка за двајца јавни обвинители од ОЈО ГОКК – Скопје и тоа спрема јавните обвинители Вилма Русковска и Ивана Трајчева. ЈО Вилма Русковска била разрешена од функцијата јавен обвинител, додека за ЈО Ивана Трајчева била изречена парична казна од страна на Дисциплинската комисија при ЈОРСМ и потврдена од страна на Советот како второстепен орган. Иако оваа одлука на Советот била конечна и согласно Законот за јавното обвинителство не е предвидена тужба против ваква одлука, ЈО Ивана Трајчевска поднела тужба до Управниот суд на РСМ. По водењето на постапката иако Советот како тужен приговарал на надлежноста на оваа тужба, сепак Управниот суд на РСМ донел пресуда на 17.04.2025 година со кое се поништува решението СОЖ бр.3/23 од 23.11.2023 година на Советот на јавните обвинители на РСМ. Советот поднел жалба до Вишиот управен суд на РСМ, којшто со решение ја отфрлил жалбата на Советот како недозволена без да ги земе во предвид наводите во жалбата. Од тие причини предметот бил вратен на повторно одлучување. На мислење е дека Советот требало да поднесе преставка до Судскиот совет со врска со постапувањето на Управниот суд од причина што со ова се суспендираат одредбите од Законот за јавното обвинителство каде што не е предвидено поднесување на тужба против ваквите одлуки на Советот. Од трочлената Комисија, истакна дека двајца членови сметаат дека жалбата на ЈО Ивана Трајчева треба да се одбие како неоснована и да се потврди решението на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност, тоа е нивно лично мислење за предметот.

Г-дин Ардиан Демири како член на Комисијата кажа дека не се согласува со ваквиот став на двата члена на Комисијата и тоа да се спори со Советот, туку од причина што смета дека членовите на Советот се легалисти и мора да се почитуваат правила кои што се на сила. Кажа дека ЈО Ивана Трајчева на одлуката на Советот вложила жалба, која според Советот истата е неоснована, но Управниот суд жалбата на ЈО ја прифатил, расправал по истата и донел пресуда со која се уважува жалбата на ЈО и предметот се враќа на повторно одлучување пред нашиот орган. Има неколку дилеми по однос на постапувањето на Управниот суд на РСМ и тоа дали е надлежен од причина што станува збор за статусен спор кој се решава пред редовен суд, од друга страна смета дека се навлегува во опуртинуитетот на одлуката на Советот, но крајниот резултат е тој кој што моментално го имаме и согласно Уставот и законот, судовите се трета власт каде одлуките на судот мора да бидат испочитувани од страна на сите вклучително и на Советот на јавните обвинители на РСМ. Кажа дека детално го има анализирано целиот предмет и сите околности кои биле наведени во жалбата, тужбата одговорот на тужбата, приговорите итн, го ценел Управниот суд на РСМ при решавањето на овој предмет и имал сосема друго мислење од тоа на Советот на јавните обвинители на РСМ. Со мислење е дека овој спор треба да го реши судот и дека Советот не може да носи правни квалификации и мериторни одлуки каде што во овој случај предметот е веќе решен со судска пресуда. Воедно предложи од веќе изложеното и имајќи ја во предвид одлуката на Управниот суд, предложи жалбата на ЈО Ивана Трајчева да биде прифатена и усвоена и предметот да биде вратен на повторно разгледување пред надлежната Комисија при ЈОРСМ, а со цел правилно и законито да биде решен овој предмет.

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека согласно законските надлежности на Советот при одлучување во дисциплинската постапка, Советот има опции да ја уважи жалбата, предметот да го врати на повторно одлучување, да ја уважи жалбата и истата да ја преиначи или да ја потврди одлуката. Истакна дека со самото тоа што Советот носи мериторна одлука не се прекршуваат правилата на судот, бидејќи во надлежност е на Советот да носи мериторна одлука и смета дека враќањето на предметот на Дисциплинската комисија при ЈОРСМ е нелогично.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека секој член на Комисијата има право на свој став и мислење по дадениот предмет и одлуката е колективна на Советот. Воедно ги стави на гласање двата предлози на Комисијата, така што во однос на предлогот да се одбие жалбата на ЈО Ивана Трајчева гласаа 7(седум) членови ЗА и 3 (три) членови ПРОТИВ.

Закчучок: **Советот на јавните обвинители донесе Одлука ДА СЕ ОДБИЕ КАКО НЕОСНОВАНА жалбата на јавниот обвинител од Основното јавно обвинителство Скопје Ивана Трајчева и ДА СЕ ПОТВРДИ решението на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавнообвинителската функција, А бр.03-499/19 од 30.03.2023 година, под став 3 од решението, со кое јавниот обвинител Ивана Трајчева е огласена за одговорна за сторена тешка дисциплинска повреда од член 91 алинеја 6 од Законот за јавното обвинителство, и е изречена дисциплинска мерка намалување на месечната плата во висина од 30% (триесет проценти) од исплатената нето плата во траење од 6 (шест) месеци, согласно член 95 став 2 алинеја 1 од Законот за јавно обвинителство и член 11 став 1 алинеја 3 од Правилникот за начинот на спроведување на постапка за утврдување на одговорност на јавен обвинител за сторена дисциплинска повреда.**

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја заклучи четириесет и деветтата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател
Башким Бесими